Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2022 година**

**Скопје, јуни 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 јуни 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-4753/1 од 20 мај 2022 година.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:10 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**